РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-37/2 (2022)
11-08-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 90-тата седница одржана на 04.08.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-37/1 од 04.01.2022 година, со наводи за неправилности во постапка за вработување на наставник по /// во ООУ /// – ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-37/1 од 04.01.2022 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 04.01.2022 година, поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапка за вработување на наставник по /// во ООУ /// – /// и оформен е предмет број 12-37/1 од 04.01.2022 година.

Во пријавата подносителот упатува на повреда на одредбите на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта сторена во постапка по јавен оглас за избор на наставник по /// објавен од страна на ООУ /// – /// која смета дека е сторена така што во постапката по огласот на кој се пријавиле повеќе кандидати, од страна на училишниот совет бил предложен за избор кандидат кој немал повисок степен на соодветно образование и повисок успех во текот на додипломските студии во споредба со другите пријавени кандидати. Подносителот, којшто бил кандидат на огласот, како што наведува ги исполнувал дефинираните општи критериуми, документацијата која ја приложил била комплетна, а воедно, имал највисока просечна оценка споредено со останатите пријавени кандидати.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во однос на пријавата подносителот имал прво на користење на правни лекови по што оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk